Врз основа на член 35 од законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во согласнсот со член 93 и член 94 од законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20) градоначалникот на општината Крива Паланка го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За организирање на јавна анкета и јавна презентација на предлог детален урбанистички план за блок 13-В во општината Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 14.12.2020 година до 23.12.2020 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при општината Крива Паланка.

Предлог деталниот урбанистички план за блок 13-В во Крива Паланка ќе биде изложен на информативните табли на општината Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Крива Паланка.

Јавната презентација за ДУП за блок 13-В во Крива Паланка ќе се одржи на ден 18.12.2020 година со почеток во 13,30 часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Опфатот за кој се однесува горенаведениот план е следниот:

Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба Грамаѓе продолжува јужно по долот до улица „Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125 каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2.

Површината на опфатот изнесува 7,01 ха.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки преку анкетните листови.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**